OSCE ODIHR Office for Democratic Institutions and Human Rights

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

# МЕЃУНАРОДНА НАБЉУДУВАЧКА МИСИЈА
## 13 МАРТ 2005 ГОДИНА
## ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ИЗЈАВА ЗА ПРЕЛИМИНАРНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

**Скопје, 14 март 2005 г. –** Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР) испрати Набљудувачка мисија за локалните избори од 13 март, како одговор на поканата на Министерството за надворешни работи на поранешната југословенска Република Македонија. Во составот на оваа мисија влезе и Конгресот на локалните и регионалните власти во Европа, со што се воспостави Меѓународна набљудувачка мисија за изборите (МНМИ) која го набљудуваше денот на изборите. ОБСЕ/ОДИХР и Конгресот го набљудуваа изборниот процес за да го оценат неговот придржување кон принципите за демократски избори, вклучувајќи ги и обврските на ОБСЕ и стандардите на Советот на Европа, како и неговото придржување кон домашното законодавство.

Оваа Изјава за прелиминарните наоди и заклучоци се дава пред објавувањето на крајните резултати на изборите и пред да биде одлучувано по сите приговори и жалби од страна на изборните и судските органи.

## ПРЕЛИМИНАРНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Локалните избори од 13-ти март во поранешната југословенска Република Македонија беа спроведени во согласност со pogolemiot broj na изборните заложби на ОБСЕ и стандарди на Советот на Европа, меѓутоа неуспеаа да бидат во согласност со клучните заложби кои гарантираат универзално и еднакво право на глас (став 7.3. од Документот од Копенхаген). Од една страна, додека денот на изборите се спроведе во тивка атмосфера, а гласањето воопшто на уреден начин во поголемиот дел од земјата, сериозните неправилности, во одреден број општини ја поткопаа универзалноста и еднаквоста на гласањето, и имаше распространето нарушување на тајното гласање.

Мартовските локални избори во 2005 г. беа особено важни, заради децентрализацијата и заради фактот дека градоначалниците, во иднина, треба да добијат многу поголеми овластувања во врска со работи како, урбанистичкото планирање, образоваniето и социјалните работи.

Следниве позитивни особини беа карактеристични во текот на изборниот процес:

- Регистрацијата на кандидатите се одвиваше во рамките на роковите пропишани со законот. Беа поднесени мал број жалби до соодветните органи во врска со простапката за регистрација, а по нив се одлучуваше на експедитивен начин.
- Општо, атмосферата на спроведување на кампањите беше релативно мирна.
- Сите партии го потпишаа Кодексот за однесување на изборите и сите партии изјавија дека е важно да се одржат вистински демократски избори, во согласност со заложбите на земјата кон евро-атланските интеграции.
- Државната изборна комисија (ДИК) и, во најголем дел, Општинските изборни комисии (ОИК), функционираа колегијално и консензуално, главно придржувајќи се кон законските рокови.
- Општо, електронските и печатените медиуми обезбедија доволен број разновидни информации во врска со изборите, со што гласачите, во главно, можеа да го направат својот избор врз основа на информираност.
- Советот за радиодифузија (СР) презеде активности за предупредување на медумските куќи кои не се придржуваа кон одредбите за рамноправно претставувањена сите учесници во медиумската трка. Меѓутоа на СР му недостасуваат директни извршни овластувања, со што се намалува ефикасноста на активностите на Советот.
- Транспарентноста на постапките на денот на изборите беше подобрена преку присуството на овластените претставници на кандидатите и подносителите на листи. Исто така, ДИК акредитираше голем број домашни непартиски набљудувачи, чие присуство беше забележано од страна на набљудувачите на МНМИ во 64 % од посетените избирачки места.
-

Во исто време, беа забележани следниве потфрлања:

- Сериозни неправилности беа регистрирани на денот на изборите во одреден број општини, имено, Липково, Теарце, Сарај, Шуто Оризари, Студеничани, Долнени, Арачиново и Осломеј кои сериозно ја оштетуваат универзалноста и еднаквоста на гласањето. Тука спаѓаат полнење на гласачките кутии, крадење на гласачки ливчиња, отворено и групно гласање, и гласање за други лица, несоодветна проверка на гласачите за мастило, непотпишување на гласачите во извадоците од Избирачкиот список, тензии во и надвор од избирачките места и заплашување.
- Тајноста на гласањето не беше почитувана во 22% од избирачките места коишто беа посетени. Понатаму, преполнетите избирачки места коишто најчесто беа лоцирани во несоодветни простории, не овозможуваа лесен пристап.
- Постоеја индикации за наводни заплашувања, притисоции и планови за вршење измами на денот на изборите, особено од страна на партиите од опозицијата, а во најголем број случаи во западниот дел од земјата, како и високо ниво на недоверба меѓу партиите и недостаток на сигурност во врска со севкупната правичност на изборниот процес.
- Законските одредби со кои се обезбедува назначувањето на судии од Врховниот суд за членови на ДИК, по препораки на политичките партии, сеуште не се во согласност со принципот за постоење на независно судство.

- Неможноста за воспоставување на постојан Секретаријат на ДИК, како што предвидува законот, и недостатокот на кадар, соодветни канцелариски простории и опрема, сериозно ја попречија работата и ефикасноста на овој орган.
- Спроведувањето на гласањето беше оценето како „лошо“ или „мошне лошо“ во 10% од посетените избирачки места. Општата атмосфера на гласањето беше негативно оценета во едно од 10 избирачки места кои беа посетени. Беше известено за тензии и немири надвор од избирачките места во 4% од набљудувањата, и заплашување во 2%. Пребројувањето беше опишано како слабо организирано во 20% од набљудуваните случаи..
- Резултатите од набљудувањето на медиумите на ОБСЕ/ОДИХР покажаа неурамнотежено информативно известување и преголемо застапување на владините интереси, на каналите на јавниот радиодифузер.

Институциите кои се застапени во МНМИ се подготвени да им помогнат на властите и цивилното општество, во нивните натамошни напори за подобрување на изборниот процес.

## Прелиминарни наоди

### Позадина

Локалните избори првично беа предвидени да се одржат во октомври 2004 г., меѓутоа беа презакажани поради тоа што Законот за територијална организација, усвоен во август 2004 г., беше ставен на референдум. Овој Закон, и самите избори, играат централна улога во процесот на децентрализација, и се важен елемент во спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Овој Закон го намали бројот на општини од 123 на 84 (плус една за градот Скопје) и во некои општини изврши спојување, со што се промени нивниот етнички состав. Контроверзноста на овој Закон резултираше во покренување иницијатива за референдумот против ваквиот закон. Референдумот се одржа на 7 ноември 2004 г., но беше неуспешен бидејќи одзивот, кој изнесуваше 27%, беше значително помал од неопходниот од 50%. По одржување на референдумот, задоцнетите локални избори беа презакажани за 13 март 2005 г. Локалните избори во 2005 г. беа особено важни, поради децентрализацијата и поради фактот дека градоначалниците, во иднина, треба да добијат многу поголеми овластувања во врска со работи како на пр. урбанистичкото планирање, образовнаието и социјалните работи.

### Кампања

Општо, атмосферата на спроведување на кампањите беше релативно тивка, со мал број изолирани инциденти. Постоеја индикации за наводни заплашувања, притисоции и планови за вршење измами на денот на изборите, особено од страна на партиите од опозицијата, како и високо ниво на недоверба меѓу партиите и недостаток на сигурност околу севкупната правичност на изборниот процес. Беше известувано за вакви обвинувања во различни региони, но тие беа значително пораспространети во западните делови на земјата, особено во Тетово, Гостивар и Кичево.

Политичките активности остануваат поделени по етнички линии, при што етнички заснованите партии во најголем дел се натпреваруваа да ги добијат гласовите на своите заедници. Главната владеачка етничка македонска коалиција „За Македонија заедно", предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), се соочи со поделената етничка македонска опозиција која во својот состав го вклучи блокот на „Здружената опозиција," предводена од Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и ВМРО Народна партија (ВМРО – НП), партија која се отцепи од ВМРО-ДПМНЕ.

Етничкиот албански партнер во владината коалиција, Демократската унија за интеграција (ДУИ), се соочи со Коалицијата за благосостојба, која во својот состав ја вклучи Демократската партија на Албанците (ДПА) и помалата Партија за демократски просперитет (ПДП).

Изборната кампања официјално започна на 21 февруари. Одредени партии кои учествуваа на изборите имаа одржано „конвенции", неколку дена порано, што претставуваше јасно

спроведување на предвремена кампања. Предвременото спроведување кампањи се покажа како контроверзно прашање во градот Скопје, каде, на главниот плоштад беше изложен голем постер со еден од кандидатите на коалицијата „За Македонија заедно“, Ристо Пенов, неколку дена пред официјалниот почеток на кампањата. Тимот на Пенов излезе со контра обвиненија во врска со својот противник, Трифун Костовски, непартиски и независен кандидат кој доби поддршка од „Здружената опозиција“ и ВМРО-НП.

Кампањата значително варираше во различни делови од земјата, зависно од локалните услови и етничкиот состав. Во одредени области, како што се Тетово и Скопје, каде се спроведуваа најважните изборни трки, активностите поврзани со кампањите започнаа уште на официјалниот почеток на кампањата. Во други области, спроведувањето на кампањите беше позабавено уште од почетокот, а главно најважните настани поврзани со кампањите во секој град, се сведоа на држење митинзи, каде националните партиски лидерите му се обраќаа на народот. Со исклучок на трката која се спроведуваше во Скопје, на други места, локалните прашања едвај и да беа застапени во кампањите. И покрај големото меѓусебно ривалство, ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-НП го сконцентрираа огнот врз СДСМ, избегнувајќи меѓусебни напади.

Сите партии го потпишаа Кодексот за однесување на изборите, спонзориран од страна на Националниот демократски институт за меѓународни работи, и сите истакнаа дека, соодветно на аспирациите на земјата кон евро-атланските интеграции, важно е спроведување на вистински демократски избори. При тоа, лидерите на ДУИ и ДПА потпишаа заеднички договор за спроведување фер избори. И покрај ова, заплашувањата и пречките при спроведувањето на кампањата створија една горка атмосфера. Ваквите обвинувања, кои особено беа истакнати од страна на ДПА против ДУИ, ретко беа поткрепени со конкретни докази или формални приговори, поднесени до надлежните органи.

Пред денот на изборите, на ОБСЕ/ОДИХР и беа поднесени одреден број на непоткрепени приговори кои наведуваа на тоа дека состојбата кај повеќето ранливи и маргинализирани ромски заедници, низ целата земја, била таква што тие биле изложени на различни видови манипулации во врска со нивното учество во изборите. Ваквите наводни активности вклучуваа работи како на пр. обиди за купување на гласови, со давање на намирници и/или мали суми пари, закани за губење на социјална помош или други услуги од страна на државата, а на некои места проследени и со посериозни видови притисоци и заплашувања.

Понатаму, ОБСЕ/ОДИХР доби индикации дека на одредени Роми може да им биде ускратено правото на глас, поради тоа што не биле впишани во Избирачкот список или немале соодветна документација, издадена од соодветните органи.

**Законодавна рамка**

Локалните избори се одржаа согласно Законот за локалните избори (ЗЛИ) од 2004 godina, со кој се уредува изборот на советници и градоначалници на општините. Законот обезбедува избор на советници според пропорционалниот систем, без одреден праг на одзивот на гласачите. Меѓутоа, градоначалниците ќе бидат избрани во првиот круг само

ако освојат повеќе од 50% од гласовите, и само ако една теретина од регистрираните гласачи, во соодветната општина, го дале својот глас. Ако ниеден од кандидатите не го добие одреденото мнозинство гласови, во текот на првиот круг на гласање, двајцата водечки кандидати се натепреваруваат во втор круг на гласање, кој мора да се одржи во следните 14 денови. Кандидатот кој ќе освои најголем број на гласови, во текот на вториот круг, ќе биде избран за градоначалник, без одреден праг на одзив.

Со новиот закон со поголема прецизност се дефинираат улогите и одговорносрите на трите нивоа на органите за спроведување на избори, во споредба со претходниот закон. Меѓутоа сеуште постојат неколку потфрлања.

Законските одредби кои го одредуваат назначувањето на судии од Врховниот суд за членови на ДИК, на препорака на политичките партии, сеуште се спротивни на принципите за независно судство.

ДИК покажа одредена неспремност на јасен начин да го дефинира својот мандатот и својата улога, како и неспремност јасно да ги дефинира одговорностите. ДИК покажа поголема спремност околу остварување на своите надлежности во врска со Општинските изборни комисии кои делуваа спротивно на законот. ДИК, на проактивен начин, објави општи упатстава со кои беа разјаснети законските одредби, а пред денот на изборите, делуваше брзо, во случаи на очигледни незаконитости или заплашувања на локалните официјални лица. ДИК и Општинските изборни комисии, главно, се придржуваа кон законските обврски и законските рокови. Во најголем број случаи, беше почитувана уредната постапка, како во рамикте на ОИК, така и во рамките на судовите.

Неколку политички партии и кандидати ја прекршија законската забрана за спроведување кампањи пред 21 февруари, меѓутоа, во врска со ова, не беше поднесен ниту еден официјален приговор. ОБСЕ/ОДИХР изврши испитување на финансирањето на кампањите. Политичките партии главно изјавуваа дека добиле мали средства од страна на индивидуални членови или од страна на седиштата на партиите. ОБСЕ/ОДИХР беше информирана од страна на различни соговорници дека политичките партии често ги надминувале законските ограничувања во врска со трошоците за спроведување кампањи и дека добивале значителни донации и средства од јавни претпријатија, што е спротивно на законот. Правните механизми на заштита и оневозможување на незаконското финансирање на кампањи сеуште се мошне слаби, со оглед на тоа дека политичките партии имаат обврска да поднесат финансиски извештаи за финансирањето на камапањите, три месеци по одржувањето на изборите и тоа само до соодветниот општински совет.

## Органи за спроведување на изборите

Со ЗЛИ се воспоставува систем на органи за спроведување на изборите на три нивоа: највисокото ниво ѝ припаѓа на Државната изборна комисија (ДИК); второто ниво на 84 Општински изборни комисии (ОИК), во секоја општина, предвидена со новиот Закон за територијална организација; а третото ниво на органите за спроведување на изборите е претставено од 2.976 Избирачки одбори, во секое избирачко место. Постои уште една Изборна комисија која е одговорна за спроведување на изборите за градоначалник и

советници на Градскиот совет на градот Скопје, која се смета за единствена единица на локалната самоуправа, која во својот состав вклучува 10 општини (во овој текст нарекувана како ОИК).

Изборните органи се формираат според принципот на паритет, од страна на двете главни владеачки и двете главни опозициски парламентарни партии. Од една страна, додека составот на ДИК остана непроменет по референдумот од 2004 г., од друга, најголемиот дел на Општинските изборни комисии вклучи во себе нов состав, поради промените на бројот на општините. Претседателските места во ОИК беа еднакво поделени меѓу владеачките и опозициските политички партии, меѓутоа изборните закони не обезбедија соодветни насоки околу назначувањето на претседателите на Избирачките одбори, освен во делот на кандидатите на кои не им се дозволува да бидат претседатели. Помалите партии во Прилеп силно приговараа на тоа дека изборното законодавство треба да обезбеди претседателите на ИО да не бидат поврзани со ниедна партија, за да се обезбеди непристрасност кон помалите партии и независните кандидати.

Постапката за регистрација на кандидатите заврши на време. Имаше вкупно 379 градоначалнички кандидати и 445 кандидатски листи за советници во 84 општини и градот Скопје.

Главно, ДИК функционираше на колегијален и консензуален начин. Но, неможноста да воспостави свој постојан секретаријат, кој е предвиден со закон, како и недостатокот на кадар, соодветен канцелариски простор и опрема, сериозно го наруши нормалното функционирање и ефикасност на ДИК. Не беше постигната навремена подготовка на записниците од состаноците и редовното објавување на одлуките на ДИК, и покрај повторените препораки во врска со овие прашања, кои се содржеа во претходните извештаи на ОБСЕ/ОДИХР. И покрај ова, беше направен значителен напредок за зголемување на транспарентноста на работата на ДИК, преку навременото објавување на упатства и појаснувања, од страна на ДИК, на нејзината интернет страна, како и објавување на кандидатските листи на градоначалници и советници.

На ДИК и на Општинските изборни комисии им беше обезбедена значителна меѓународна поддршка и помош, вклучувајќи ја и техничката поддршка околу организацијата и спроведувањето на обуките за членовi на ИО, подготовката на Упатсвото за постапките во ИО и помошта при изработката на телевизиски реклами за едукација на гласачите.

Задоцнетото донесување на одлука околу формуларите и останатите технички проблеми, го ограничија времето за обука на претседателите на ОИК, која на крајот се сведе само на еден час. Обуката за членовите на ИО, организирана од страна на Општинските изборни комисии и обучувачите на ИФЕС, се спроведе во 34 регионални центри. Меѓутоа присуството на часовите не беше ниту задолжително, ниту пак се обезбедија дневници за присуство на таквите обуки, со што вкупната ефиканост на обуката беше нмалаена.

Како што одредува ЗЛИ, гласачките ливчиња, како и другите избирачки документи и јавни соопштенија, беа отпечатени на сите официјални јазици во општините каде 20% од граѓаните зборуваат еден од официјалните јазици кој не е македонски.

Ажурираните извадоци од Избирачкиот список (ИС) беа истакнати на јавен увид од 13 до 27-ми јануари. Околу 38.000 гласачи ги проверија информациите во ИС во локалните канцеларии на Министерството за правда (МП). Во најголем број случаи, тие се однесуваа на собирање потписи за поддршка на кандидати и листи на кандидати. Исто како и во текот на претходните избори, беше изразено несогласување од страна на најголем број политички партии, во врска со интегритетот на ИС, преку тврдења дека тој содржи значителен број починати лица и гласачи кои живеат во странство. Меѓутоа, МНМИ увиде дека само една политичка партија ја искористила својата можност да го добие ИС од МП.

Предвременото гласање за војниците, лицата кои се на отслужување затворски казни и внатрешно раселените лица (ВРЛ) се одржа на 12 март во 38, специјално за таа намена организирани избирачки места. Доставувањето на избирачкиот материјал до специјалните избирачки места, пред гласањето и враќањето на пликоата, кој ги содржат дадените гласови, во Општинските изборни комисии, каде таквите гласачи го пријавиле своето живеалиште, претставуваше сложена операција, при што, мораше да се користи експресна пошта. Предвременото гласање го набљудуваа набљудувачи на МНМИ, кои не известија за никакви сериозни проблеми. Во казнената установа во Гази Баба, 34 затвореници кои се по потекло од Гостивар, не им било дозволено да гласаат затоа што ОИК од Гостивар не испратила доволно гласачки ливчиња. Спротивно на законските одредби и одлуката на ДИК, во повеќето набљудувани избирачки места, гласањето беше спроведувано од страна на специјални Избирачки одбори, назначени еден ден претходно.

**Предизборни приговори и жалби**

Пред денот на изборите, до ОИК беа поднесени мал број приговори. Немаше ниту еден приговор за непридржување кон одредбите за користење на малцинските јазици поднесен до Општинските изборни комисии каде 20% од граѓаните зборуваат официјален јазик кој не е македонски.

Законот за локалните избори одредува жалбите против одлуките на ОИК задолжително да бидат поднесувани до судовите, а не до ДИК. По поднесување на кандидатските листи, беа поднесени 13 жалби, од страна на политичките партии, до Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип. Судовите се ограничија на прифаќање само на оние приговори во кога Општинските изборни комисии ги одбиле кандидатски листи. Ако некоја од ОИК ја прифатила кандидатската листа, тогаш без обзир на неправилностите или непридржувањето кон изборните закони, Апелационите судови наоѓаа дека таквите листи не можат да бидат оспорени.

Претседателите на скопскиот и битолскиот Апелационен суд, отпрвин одбиваа да се согласат со барањето на ОБСЕ/ОДИХР за донесување одлуки од страна на судовите во врска со вакви случаи. Недостатокот на достапност до судските одлуки на јавноста е надмината одлика во правниот систем.

**Медиуми**

Законската рамка за следење на кампањите од страна на медиумите се состоеше од соодветните одредби на ЗЛИ како и Правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување на Локалните избори 2005 г., донесени од страна на Собранието, на предлог на Советот за радиодифузија (СР). Овие Правила ги дефинираат обврските на јавниот радиодифузер, како и ограничувањата, кои се однесуваат за сите останати медиуми, во врска со покривањето на изборите и платената пропагнда.

Во согласност со ЗЛИ, СР ги набљудуваше сите национални и локални радидифузери кои ги покриваа изборите. На одреден број официјални медиумски куќи им беа упатени предупредувања од страна на СР поради непочитување на одредбите за платената пропагнда и рамноправната застапеност на сите кандидати. Јавниот канал на албански јазик *МТВ3* му беше упатено предупредување, откако беше поднесен приговор од коалицијата на ДПА-ПДП, за наводно нерамноправно покривање на изборите во прилог на ДУИ. СР исто така упати предупредувања и до други приватни радиодифузери, како и радиодифузери финансирани од државата, за непридржување кон правилата. Меѓутоа, на СР му недостасуваат директни овластувања за изрекување извршни мерки, како што веќе беше истакнато во претходните извештаи на ОБСЕ/ОДИХР, со што се намалува потенцијалната ефикасност на неговото делување.

Според наодите на медумското набљудување на ОБСЕ/ОДИХР, електронските и печатените медиуми, главно, им овозможија на гласачите доволни и разновидни информации во врска со изборите. Поради природата на локалните избори, медиумите кои емитуваат во на територијата на целата земја, не можеа да им обезбедат еднакво внимание на сите кандидати. При тоа, се фокусираа на активностите кои се случуваа во најголемите градови, и тоа првенствено на градоначалничката трка во Скопје.

Јавното радиодифузно претпријатие *МТВ* се придржуваше кон обврските за обезбедување на бесплатна програма за сите кандидати. При тоа, на јавноста ѝ беа понудени специјални програми посветени на изборите, како и дебати, секој ден. И покрај ова, наодите на медиумското набљудување на МНМИ упатуваат на значително покривање на владините interesi, како на *МТВ1,* така и на *МТВ3,* кои добија околу 45% од времето во етерот, во рамките на информативната програма. При тоа, на коалицијата „За Македонија заедно“ ѝ беше посветено околу 25% од времето во информативните програми на *МТВ1.* Ова ја зголеми предноста на владеачките партии, чии претставници исто така имаа можност директно да ѝ се обратат на публиката со изјави во живо, надвор од програмите наменети за изборите. Според набљудувањето на МНМИ албанската *МТВ3* ја претпочиташе ДУИ, при што времето кое ѝ го посвети на ДПА изнесуваше помалку од една половина од времето кое го ѝ посвети на ДУИ. При тоа, квалитетот на известување значително беше насочен во корист на ДУИ.

Приватните радиодифузери кои беа набљудувани, главно покажаа рамноправен пристап и исто така обезбедија јавни дискусии преку своите телевизиски дебати. Меѓу набљудуваните приватни канали, *Сител ТВ* не ги почитуваше во целост Правилата за рамноправен пристап на медиумите донесени од страна на СР, особено во врска со покривањето на активностите на кампањите и платената политичка програма. Од една страна, главните политички сили навистина беа покривани од страна на *Сител ТВ* во рамките на нејзините различни програми, но известувањето во рамките на нејзините

информативните емисии беше во поддршка на опозицијата и нејзиниот кандидат за градоначалник на Скопје, Трифун Костовски.

Националните дневни весници кои беа набљудувани, покриваа политички прашања и прашања поврзани со изборите. Иако беше искажана одредена доза на критика кон Владата и владеачките партии во повеќето весници, нивниот пристап беше главно рамноправен и во согласност со професионалните и етичките стандарди. Но, исклучок на ова беше дневникот *Време*, кој водеше директна кампања против скопскиот кандидат за градоначалник, Ристо Пенов. Единственото издание на албански јазик, *Факти,* од една страна ја критикуваше Владата и владеачката ДУИ, но исто така обезбеди рамноправно покривање на изборните кандидати.

Главните политички актери опсежно се рекламираа, како на електронските, така и на печатените медиуми, скоро достигнувајќи ги ограничувањата кои се наметнуваат со законот. Меѓу кандидатите, двајцата водечки кандидати за градоначалници на градот Скопје, особено инвестираа во платените политички емисии.

На денот на изборите, изборниот молк беше повремено прекршен од некои приватни радиодифузери, кои емитуваа изјави од страна на политички партии, околу тековниот процес на гласање.

**Учество на жените**

ЗЛА одредува кандидатските листи за советнички места да вклучуваат во себе барем 30% од секој пол во горните и долните делови на листите. Упатството за појаснување објавено од страна на ДИК се покажа како контроверзно бидејќи во некои случаи, одредуваше минимален број од секој пол на кандидатските листи кој беше помал од 30%. Меѓутоа, пропишаната квота беше главно почитувана од страна на политичките партии. На многу места застапеноста на жените на кандидатските листи ја надминуваше квотата од 30%, но во некои места таа беше и под ова ниво, особено во горната половина на кандидатските листи. ОИК во Пласница потврди две кандидатски листи за советнички места, кои не вклучуваа ниту една жена-кандидат. На 17 февруари ДИК реши да го разреши Претседателот и членовите на оваа ОИК, иако ваквто делување од страна на ДИК не е посебно регулирано од страна на изборните закони. Меѓутоа, овие листи ниту беа повлечени, ниту поништени, бидејќи немало законски одредби да се стори такво нешто.

Имаше само 18 жени-кандидати за градоначалници од вкупно 379 кандидати. Имаше една жена член на ДИК (од девет членови), а бројот на жените, претставени во ОИК варираше од регион во регион. Во одредени општини имаше ОИК каде членуваа само жени. Во други ОИК, особено во западните делови од земјата, немаше ниту една жена-член. На денот на изборите, набљудувачите известија дека во 43% од избирачките места кои беа посетени, немаше ниту една жена член на ИО.

**Домашни набљудувачи**

ДИК акредитираше повеќе од 4.300 непартиски набљудувачи од пет локални невладини организации (НВО), кои значително придонесоа за подигање на јавната доверба во

изборниот процес. Најголемата група набљудувачи, повеќе од 3.900, беше обезбедена од страна на локалната НВО „МОСТ," која изврши паралелно сумирање на резултатите за гласањето во градот Скопје. Присуство на домашните непартиски набљудувачи од МОСТ беше увидено од страна на МНМИ во 64% од посетените избирачки места. Во околу 15 случаи, МОСТ реши да ги повлече своите набљудувачи од избирачките места, поради заплашување.

**Ден на изборите, пребројување на гласовите и сумирање на резултатите**

Денот на изборите беше спроведен во главно тивка атмосфера и воопшто беше спроведен на уреден начин, во најголемиот дел од земјата. Меѓутоа, набљудувачите известија за сериозни неправилности во одреден број општини, имено, Липково, Теарце, Сарај, Шуто Оризари, Студеничани, Долнени, Арачиново и Осломеј, коишто ја нарушија универзалноста и еднаквоста на гласањето. Меѓу неправилностите, на кои набљудувачи на МНМИ биле сведоци, се наоѓале случаи полнење на гласачки кутии, кражба на гласачки ливчиња, групно гласање и гласање за други лица, несоодветна проверка на гласачите за мастило, непотпишување на гласачите во извадоците од ИС, тензии во и надвор од избирачките места и заплашување.

Набљудувачите na МНМИ посетија преку 1.300 избирачки места низ целата земја. Постапките за отворање на избирачките места беа оценети како „лоши" или „мошне лоши" во 18% од посетените избирачки места. Помеѓу забележаните проблеми, во 30% од набљудувањето беше известено дека потребните Записници не биле пополнети и во 2% од набљудувањето беше известено дека гласачките кутии не биле правилно запечатени. Присуството на неовластени лица било забележано во едно од десет избирачки места кои биле посетени.

Спроведувањето на гласањето беше оценето како „лошо" или „мошне лошо" во 10% од посетените избирачки места. Неправилностите за кои се известуваше вклучуваа, гласање за други лица во 4% од посетените избирачки места. Групното гласање беше особено распространето, а за такво гласање беа добиени известувања од 20% од посетените избирачки места. Во 7% од посетените избирачки места посетени од страна на МНМИ, гласачите не се потпишувале во извадоците од ИС, додека 5% од избирачките места коишто биле набљудувани, набљудувачите увиделе дека не се проверуваат исправите за идентификација, а не било употребено мастило за избегнување на повторно гласање во 9% од посетените избирачки места. Ваквите неправилности ги поткопуваат важните механизми за заштита од полнење на гласачки кутии, гласање за други лица или од други изборни prekr{oci, кои се содржат во рамките na изборниот систем. Тајноста на гласањето не беше почитувана во 22% од посетените избирачки места.

Во едно од десет избирачки места, општата атмосфера на гласањето беше оценета како негативна. Беше известено за постоење на тензии и немири надвор од избирачките места во 4% од набљудувањата і заплашување во 2%. Преполнување на просториите беше забележано во 10% од посетените избирачки места. Неовластени претставници биле забележани во 4% од избирачките места, додека во 1% од случаите било известено дека неовластени лица ја водат работата на Избирачките одбори. Полнење на гласачки кутии беше увидено во 2% од посетените избирачки места.

Транспарентноста на постапките на денот на изборите беше подобрена преку присуството на овластени претставници на кандидатите и поднесителите на листи. На денот на изборите, набљудувачите на МНМИ известија за присуство на претставници на кандидати во 91% од посетените избирачки места.

Набљудувачите na МНМИ го оценија пребројувањето на гласовите како "лошо" или "мошне лошо" во 21% од избирачките места кои биле набљудувани. Во 15% од случаите беше известено за сериозни неправилности во текот на пребројувањето на гласовите, додека разбирањето на постапките за пребројување беше оценето како "лошо" или "мошне лошо" во едно од пет набљудувања. Пребројувањето беше опишано како слабо организирано во повеќе од една четвртина од набљудуваните избирачки места. Главни проблеми за кои беше известувано za vreme na пребројувањето, беа присуството на поголем број на гласачки ливчиња отколку гласачи коишто гласале, присуството на неовластени лица, гласачки ливчиња собрани на куп внатре во гласачките кутии, и тензии и немири во или околу избирачките места. Во 30% од избирачките места, набљудувачите известија за значителни процедурални грешки, и во 3% намерно фалсификување на протоколот за резултатите.

Набљудувачите на МНМИ исто така ги посетија и Општинските изборни комисии во текот на првичните фази на сумирање на резултатите и известија дека овие процеси главно се спроведувале според процедурите во поголем број од местата. Сепак, во некои случаи, усогласувањето беше опишано од страна нанабљудувачите како проблематично.

Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР ќе продолжи да ги следи крајните фази на постапката на сумирање на резултатите, како и постапката околу сите важни приговори и жалби, како и сите други спорови, во вториот круг. ОБСЕ/ОДИХР ќе објави сеопфатен извештај за изборите, околу шест недели по завршување на постапката.

*Оваа изјава е достапна на англиски и на македонски јазик.*
*Меѓутоа, англиската верзија е единствената официјална верзија.*

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

Џулијан Пил Јеитс (Велика Британија) ја предводеше долгорочната Набљудувачка мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР. Делегацијата на Конгресот на локалните и регионалните власти на Европа ја предводеше Г-дин Кит Витмор (Велика Британија)

Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР беше формирана на 1 февруари во Скопје, а кратко време потоа започна да го набљудува изборниот процес, со своите 20 долгорочни набљудувачи кои беа распоредени во десет регионални центри во земјата.

На денот на изборите Меѓународната набљудувачка мисија за изборите (МНМИ) распореди околу 360 nab`uduva~i од 39 земји-учеснички во ОБСЕ, вклучувајќи ја и 8 – члената делегација на Конгресот на локални и регионални власти pri Советот на Европа. Претставниците на амбасадите на земјите-учеснички

во ОБСЕ во Скопје, како и меѓународните организации, исто така дадоа свој придонес во МНМИ, преку своите краткорочни набљудувачи, за што МНМИ им е благодарна. На денот на изборите, набљудувачите на МНМИ посетија повеќе од 1.300 избирачки места од вкупно околу 3.000 во целата земја.

МНМИ им благодари на Министерството за надворешни работи, Државната изборна комисија и другите национални и локални власти за нивната помош и соработка во текот на набљудувањето. МНМИ исто така им благодари на ОБСЕ Мисијата за набљудување на прелевање на конфликти од Скопје и Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, како и другите меѓународни организации и амбасади, акредитирани во Скопје, за нивната поддршка во текот на мисијата.

**За дополнителни информации, ве молиме контактирајте со:**

- Г-ѓа Урдур Гунарсдотир, Портпарол на ОДИХР, во Варшава (+48 22 520 0600); или Г-ѓа Холи Рутрауф, Советник за избори, ОБСЕ/ОДИХР, во Варшава (+48 22 520 0600).
- Г-дин Жан Пол Шове, Секретаријат на Конгресот, Конгрес на локланите и регионалните власти на Европа, Стразбур (+33- 666 328 519)